# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РАДОВИШ


| Службен гласник на општина Радовиш Излегува по потреба | Сабота 24 Јануари 2015 година Број 1/2015 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 6023073000000 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлуката за прогласување итност на 32-ра седница на Советот на општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 32-ра седница на Советот на општина Радовиш, бр. 08-168/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 24.01.2015 год.

Бр. 09-168/2 Градоначалник на
24 Јануари 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 40 од Законот за локална самоуправа и член 55 од Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш, Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 24.01.2015 год., донесе

ОДЛУКА

за прогласување итност на 32-ра седница на Советот на општина Радовиш

Член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 32-ра седница на Советот на општина Радовиш одржана 24.01.2015 година, поради штетите од поплавата предизвикана од обилниот дожд

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-168/1 Совет на општина Радовиш
24 Јануари 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш од постојаната буџетска резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2015 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш од постојаната буџетска резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2015 година, бр. 08-169/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 24.01.2015 год.

Бр. 09-169/2 Градоначалник на
24 Јануари 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 24.01.2015 год., донесе

ОДЛУКА

За определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш од постојаната буџетска резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2015 година

Член 1

Со оваа Одлука се предвидува користење на финансиски средства од постојаната буџетска резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2015 година, во висина од 2.000.000 денари (два милиона денари) за санирање на последиците од поплавените објекти, земјоделски површини и инфраструктурни објекти, предизвикана од поројниот дожд кој на 23.01.2015 година ја зафати општина Радовиш.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-169/1 Совет на општина Радовиш
24 Јануари 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на општина Радовиш донесува

РЕШЕНИЕ

За прогласување и објавување на Одлуката за наменско користење на средставата од буџетската резерва на Буџетот на општина Радовиш за 2015 година

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за наменско користење на средставата од буџетската резерва на Буџетот на општина Радовиш за 2015 год., бр. 08-170/1, што советот на општина Радовиш ја донесе на седница одржана на ден 24.01.2015 год.

Бр. 09-170/2 Градоначалник на
24 Јануари 2015 г. Општина Радовиш
Радовиш Сашко Николов с.р.

Врз основа на член 21 т.43 од Статутот на општина Радовиш Советот на општина Радовиш на итна седница одржана на 24.01.2015 год., донесе

ОДЛУКА

За наменско користење на средставата од буџетската резерва на Буџетот на општина Радовиш за 2015 година

I. Невремето проследено со долготраен и обилен дожд кој ја зафати нашата општина на 23.01.2015 година предизвика поплави од широк размер.

Граѓаните од општината претрпеа голема штета на домовите и земјоделските посеви, а не остана поштедена ни инфраструктурата , патиштата, мостовите, улиците, канализацијата, водоснабдувањето и други објекти.

1. Средствата од буџетската резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2015 година да се наменат за санација и доведување во функција на инфраструктурата која е од витално значење на граѓаните, а е оштетена од невремето. Средствата да се наменат за расчистување и ангажирање на механизација согласно Законот за заштита и спасување и набавка на градежни матерјали;
2. Градоначалникот на општина Радовиш да формира Комисија за следење на градежните работи на ангажираната механизација околу расчистување на последиците од поплавените и оштетени јавни површини;
3. Веднаш по создавањето на услови, по повлекувањето на водата Комисијата за елементарни непогоди, да излезе на терен и направи проценка на штетата, а ако има потреба за побрза проценка да се вклучат и надворешни стручни лица.
4. Во локалната самоуправа да се отпочне со прием на пријави од граѓани почнувајќи од 24.01.2015 год. заклучно со 28.01.2015 година секој ден и сабота и недела од 07,30-15,30 часот.
5. Додека не се воспостави контрола и функционирање на водоводната мрежа, ЈП „Плаваја„ Радовиш редовно да го снабдува со вода од цистерни населението од загрозените населени места.

Заклучокот влегува во сила наредниот ден од објавувањето на „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 08-170/1 Совет на општина Радовиш
24 Јануари 2015 г. Претседател
Радовиш Николчо Миовски с.р.

СОДРЖИНА:

РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за прогласување итност на 32-ра седница на Советот на општина Радовиш------- 1
ОДЛУКА за прогласување итност на 32-ра седница на Советот на општина Радовиш------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш од постојаната буџетска резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2015 година--------------------- 1
ОДЛУКА За определување финансиски средства за санирање на последиците од поплавата во општина Радовиш од постојаната буџетска резерва од Буџетот на општина Радовиш за 2015 година--------------------- 1
РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за наменско користење на средставата од буџетската резерва на Буџетот на општина Радовиш за 2015 година-------------------------------------------------- 2
ОДЛУКА За наменско користење на средставата од буџетската резерва на Буџетот на општина Радовиш за 2015 година-------------------------------------------------- 2